„Остави го она во што се сомневаш за она во што не се сомневаш.“

Од Ебу Мухамед, Хасан бин Али бин Ебу Талиб, внукот на Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и неговото миризливо цвеќе, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека рекол: „Запамтив од Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем: „Остави го она во што се сомневаш за она во што не се сомневаш.“

[رواه الترمذي والنسائي] [صحيح]

Пратеникот, алејхи селам, наредил да се остават зборовите и постапките за кои постои сомнеж дали се забранети или не, дали се харам или халал, и да ги замени со оние во кои не постои сомнеж, за кои е сигурен дека се добри и дозволени.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/66519